4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3781/1
3 мај 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**1382.**

Врз основа на член 19, став 1, точка 5) од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 мај 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ВЛЕГУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА СТРАНСКИ ВООРУЖЕНИ СИЛИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗАРАДИ УЧЕСТВО НА ВЕЖБАТА „TROJAN FOOTPRINT 22“

1. Се одобрува влегување и престој на 35 припадници на вооружените сили на Соединетите Американски Држави и 12 припадници на вооружените сили на Обединетото Кралство, со три авиони, едно беспилотно летало, воздухоплови, вооружување, муниција, опрема и материјално-технички средства, на територијата на Република Северна Македонија, заради учество на вежбата „Trojan Footprint 22“ со припадниците на специјалните сили на Армијата на Република Северна Македонија, во периодот од 3 до 14 мај 2022 година.

2. Финансиските трошоци за транспорт, исхрана и сместување на припадниците на вооружените сили на Соединетите Американски Држави и Обединетото Кралство ги обезбедуваат државите учеснички.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3779/1
3 мај 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**1383.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 мај 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за информатичко општество и администрација му престанува користењето на движната ствар, и тоа:

| Назив и опис на движната ствар: | Количина: |
| --- | --- |
| Софтверска програма за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење, кој вклучува:<br>-техничка документација за развиено софтверско решение;<br>- техничка подготовка на развиеното софтверско решение за поврзување и размена на податоци со други институции преку платформата за интероперабилност;<br>- изворен код на софтверското решение; и<br>- тренинг материјали за корисници на софтверското решение;<br>-тренинг материјали на администратори на софтверско решение.<br>Софтверското решение се состои од 3 главни и неколку помошни модули, и тоа:<br>• модул за годишно и месечно планирање на инспекциски постапки;<br>• модул за автоматско процесно удавување со инспекциските постапки;<br>• модул за процесно управување на ИТ техничка подршка за пријавување, решавање и следење на ИКТ проблеми;<br>• помошни модули за управување со корисници, закони, листи за проверка, ризици. | 1 |

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука, се дава на трајно користење без надомест на Инспекциски совет.

Член 3

Министерот за информатичко општество и администрација склучува договор со претседателот на Инспекциски совет, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3864/1
3 мај 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**1384.**

Врз основа на член 37 став (4) од Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 124/19 и 178/21), министерот за економија донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на барањето за доделување на финансиска поддршка и потребната документација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.181/21) Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Прилогот 2 се заменува со нов Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Прилогот 3 се заменува со нов Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-2373/2
29 април 2022 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши,** с.р.

**Прилог 1**

**ДО**:

| | |
|---|---|
| ☐<br>Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на РСМ<br>Ул. Никола Вапцаров бр. 7, 1000 Скопје | ☐<br>Дирекција за технолошко-индустриски развојни зони<br>Бул. Партизански Одреди бр. 2, 1000 Скопје |

# БАРАЊЕ ЗА:

| | |
|---|---|
| **1. Доделување на финансиска поддршка** | ☐ |
| **2. Измена на одредби во Договор за финансиска поддршка бр. ___________ од __________ година** | ☐ |

**поднесено од деловниот субјект:**

| ПРЕГЛЕД НА ОСНОВНИТЕ ПОДАТОЦИ НА ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ | |
|---|---|
| ***ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ*** | |
| **Целосен назив:** | |
| **Кратко име:** | |
| **Седиште:** | |
| **Датум на основање:** | |
| **Единствен даночен број:** | |
| **Големина на субјектот:** | |
| **Приоритетна дејност:** | |
| **Главна приходна шифра:** | |
| **Организационен облик:** | |

| | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | |
| **Жиро сметка:** | |
| **Депонент банка:** | |
| **Телефон (фиксен):** | |
| **Факс (доколку има):** | |
| **Веб страна:** | |
| **Е-маил:** | |
| ***ПОДАТОЦИ ЗА УПРАВИТЕЛОТ*** | |
| **Име и презиме:** | |
| **Мобилен телефон:** | |
| **Домашна адреса:** | |
| **ЕМБГ:** | |
| **Број на лична карта:** | |

**Поднесувачот на ова Барање се согласува личните податоци да се користат од страна на Давателот на финансиска поддршка и другите институции и органи кои го разгледуваат за потребите на оценка за доделување на финансиска поддршка.*

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ГЛАВНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

1. **Краток опис на инвестицискиот проект (до 500 карактери)**

| |
|---|
| |

2. **Остварени приходи од работењето во последните 4 години (201 ознака за АОП од биланс на успех)**

| Година | Износ во денари (201 ознака за АОП од биланс на успех) |
|---|---|
| 2018 | |
| 2019 | |
| 2020 | |
| (2018+2019+2020)/3 | |
| 2021 | |

*(податоците се однесуваат за последните 4 години или за пократок период доколку деловниот субјект е регистриран и започнал со дејност во период пократок од четири години, а се земаат податоците од официјалните финансиски извештаи на деловниот субјект)* - **201 ознака за АОП од биланс на успех**

3. **Просечен број на вработени во последните 4 години (257 ознака за АОП од биланс на успех)**

| Година | Број на вработени (257 ознака за АОП од биланс на успех) |
|---|---|
| 2018 | |
| 2019 | |
| 2020 | |
| (2018+2019+2020)/3 | |
| 2021 | |

*(податоците се однесуваат за последните 4 години или за пократок период доколку деловниот субјект е регистриран и започнал со дејност во период пократок од четири години, а се земаат податоци од официјалните финансиски извештаи на деловниот субјект)* - **257 ознака за АОП од биланс на успех**

| ИСПОЛНЕТОСТ НА ДРУГИ УСЛОВИ ОД ЗАКОНОТ | Селектирај |
|---|---|
| **Дали деловниот субјект е новоосновано трговско друштво, кое сеуште нема остварено приходи од работење (АОП 201 од БУ) во претходната или тековната година** | *ДА* ☐<br>*НЕ* ☐ |
| **Дали деловниот субјект е од кожарско-преработувачката или текстилната индустрија** | *ДА* ☐<br>*НЕ* ☐ |

| | |
|---|---|
| Дали сопственикот на деловниот субјект е државјанин на Република Северна Македонија со живеалиште или привремен престој во странство и има повеќе од 51% од сопственоста во деловниот субјект | ДА ☐<br>НЕ ☐ |
| Дали деловниот субјект е јавно претпријатие основано и во сопственост на државата или единиците на локална самоуправа, трговско друштво кое е во целосна или делумна сопственост на државата или единиците на локална самоуправа, јавно приватно партнерство во кое учествува државата или единиците на локална самоуправа | ДА ☐<br>НЕ ☐ |
| Дали деловниот субјект е носител на лиценца за производство на електрична енергија и добива механизми за поддршка (повластени тарифи или премиуми), односно електричната енергија ја продава по регулирани цени | ДА ☐<br>НЕ ☐ |
| Дали деловниот субјект врши регулирана дејност чија цена ја одредува независно регулаторно тело | ДА ☐<br>НЕ ☐ |
| Дали деловниот субјект е корисник на право на концесии на добра од општ интерес, при што концесијата која се користи е поврзана со продуктивната почетна инвестиција | ДА ☐<br>НЕ ☐ |
| Дали деловниот субјект е производител на акцизна стока, при што инвестицискиот проект се однесува на производство на акцизната стока | ДА ☐<br>НЕ ☐ |
| Дали деловниот субјект врши дејност од областа на примарно земјоделство, шумарство и рибарство, освен преработувачки дејности во земјоделството, шумарството и рибарството кои не користат субвенции | ДА ☐<br>НЕ ☐ |
| Дали деловниот субјект врши градежни дејности поврзани со изградба и продажба на станови и станбени и деловни згради, и тоа само во делот на градежната дејност изградба и продажба на станови, станбени и деловни згради | ДА ☐<br>НЕ ☐ |
| Дали деловниот субјект е корисник на средства од ИПАРД програмата, или финансиска поддршка од ФИТР, или од активни мерки за вработување од АВРСМ, или програмите за финансиска поддршка од МЕ, или Уредбата со законска сила за финансиска поддршка за зајакнување на конкуретноста на деловните субјекти во текот и во пост КОВИД-19 периодот, или други мерки кои го исклучуваат користењето на финаниска поддршка за исти оправдани инвестициски трошоци | ДА ☐<br>НЕ ☐ |

Поднесуваме барање за склучување/измена на договор за финансиска поддршка со Владата на Република Северна Македонија согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции, за следните видови на финансиска поддршка:

**Напомена:**

- Барателите кои немаат склучено договор за финансиска поддршка, ги селектираат видовите на финансиска поддршка за кои ги исполнуваат условите;
- Барателите кои имаат склучено договор за финансиска поддршка, а поднесуваат барање за измена на одредбите од договорот, ги селектираат видовите на финансиска поддршка кои сакаат да ги задржат од договорот, како и новите видови на финансиска поддршка кои сакаат да ги додадат со оваа измена;

| ВИДОВИ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА* | Селектирај |
|---|---|
| **1. Поддршка за нови вработувања** | ☐ |
| **2. Поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Северна Македонија** | ☐ |
| **3. Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување** | ☐ |
| **4. Поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес** | ☐ |
| **5. Поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи** | ☐ |
| **6. Поддршка за преземање на деловни субјекти во потешкотии** | ☐ |
| **7. Поддршка за зголемување на конкуретноста на пазарот** | ☐ |

**Барателот може да избере повеќе видови на финансиска поддршка имајќи ги предвид следните ограничувања:*
*- Доколку се избере мерката под реден број 4 не може да се изберат мерките под реден број 1, 5 и 6*
*- Доколку се избере мерката под реден број 5 не може да се избере и мерката под реден број 6 и обратно*
*- Мерката под реден број 2 се однесува само на проекти во ТИРЗ*
*- Мерките под реден број 5 и 7 може да се побараат за исти оправдани инвестициски трошоци*

Со ова барање ја приложуваме и следната документација:

| ДОКУМЕНТАЦИЈА | Селектирај |
|---|---|
| Писмо на намери | ☐ |
| Деловен план за инвестициски проект | ☐ |
| Тековна состојба за субјектот издадена на ______ 20__ година | ☐ |

| | |
|---|---|
| Потврда од Централен регистар на Република Северна Македонија дека над деловниот субјект не е отворена стечајна постапка, издадена на _______ 20____ година | ☐ |
| Потврда од Централен регистар на Република Северна Македонија дека над деловниот субјект не е отворена постапка за ликвидација, издадена на _______ 20____ година | ☐ |
| Потврда од Царинската управа дека деловниот субјект нема неплатен долг по основ на царина и други увозни давачки, издадена на _______20____ година | ☐ |
| Уверение од Управата за јавни приходи дека нема настанати и ненамирени даночни обврски, издадено на _______ 20 ____ година | ☐ |
| Годишни сметки со финансиски извештаи за последните 4 години* | ☐ |
| Нотарски заверена изјава на застапникот по закон на подносителот на барањето, под полна материјална, кривична и морална одговорност за точност и веродостојност на сите податоци кои деловниот субјект ги приложува со барањето | ☐ |
| Извод од Централен депозитар за хартии од вредност кога подносителот на барањето е основач на Акционерското друштво, дека поседува најмалку 51% од сопственоста на деловниот субјект за подносителите на барање за финансиска поддршка од член 33 од Законот за финансиска поддршка на инвестициите | ☐ |
| Копија од акционерска книга за подносителите на барање за финансиска поддршка од член 33 од Законот за финансиска поддршка на инвестициите | ☐ |
| Потврда од надлежен орган на странска држава за пријавено живеалиште или привремен престој за државјани на Република Северна Македонија, основачи на деловниот субјект, согласно член 33 од Законот за финансиска поддршка на инвестиции | ☐ |

*(Барателот ги означува документите кои ги приложува кон барањето и ги пополнува бараните информации)*

**За компании формирани во годината на апликација за склучување на договор за финансиска поддршка, не важи обврската за доставување на годишни сметки за претходните години*

По барање на надлежниот орган согласни сме да доставиме и други документи со кои се потврдуваат податоци и факти наведени во Барањето и документацијата.

Датум

**БАРАТЕЛ**

__________ 

______________________________

______________________________

М.П

*(скр.назив на дел.субјект, одг.лице, потпис)*

Прилог 2

# ПИСМО ЗА НАМЕРИ

## за започнување на инвестициски проект согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции

*Напомена:*

*Барателите кои имаат склучено договор за финансиска поддршка, а поднесуваат барање за измена на износот на инвестиција, го пополнуваат овој прилог со новите параметри на инвестицијата;*

*Барателите кои имаат склучено договор за финансиска поддршка, а поднесуваат барање за измена на мерките во договорот, го пополнуваат овој прилог со параметри на инвестицијата од постоечкиот договор.*

| | | |
|---|---|---|
| **Скратен назив на деловниот субјект** | | |
| **ЕДБ** | | |
| **Назив на инвестицискиот проект** | | |
| **Датум на почеток на инвестицискиот проект** | ___.___._____ | |
| **Датум на завршување на инвестицискиот проект (најмногу до 5 години од датумот на почеток)** | ___.___._____ | |
| **Износ на оправдани инвестициски трошоци во првата година** | __________ МКД | __________ ЕУР |
| **Вкупен износ на оправдани инвестициски трошоци во времетраење на инвестицискиот проект (износот ќе биде пресликан во договорот)** | __________ МКД | __________ ЕУР |
| **Локација на инвестицијата (општина)*** | | |
| **Број на вкупно планирани нови работни места за времетраење на инвестицијата** | | |
| **Број на креирани нови работни места во првата година од инвестицијата** | | |

**Во случај кога инвестицискиот проект се реализира на повеќе локации во повеќе општини, се наведуваат сите локации (општини)*

*Во согласност со Законот за финансиска поддршка на инвестициите, со ова писмо и приложената документација ја иницираме постапката за склучување/измена на договор за финансиска поддршка за реализација на нашата инвестиција.*

Датум

**БАРАТЕЛ**

_______________ М.П _______________________________

*(скр.назив на дел.субјект, одг.лице, потпис)*

Прилог 3

# ДЕЛОВЕН ПЛАН
# ЗА ИНВЕСТИЦИСКИ ПРОЕКТ И ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ

*Напомена:*

*Барателите кои имаат склучено договор за финансиска поддршка, а поднесуваат барање за измена на износот на инвестиција, го пополнуваат делот В4 (планирани оправдани инвестициски трошоци) со новите параметри на инвестицијата;*

*Барателите кои имаат склучено договор за финансиска поддршка, а поднесуваат барање за измена на мерките во договорот, го пополнуваат делот В4 (планирани оправдани инвестициски трошоци) со параметри на инвестицијата од постоечкиот договор.*

## НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ

| | |
|---|---|
| **Скратен назив** | |
| **ЕДБ** | |
| **ЕМБС** | |

## А. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЈНОСТА НА ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### 1. Историјат на деловниот субјект во Република Северна Македонија (до 2000 карактери)

| |
|---|
| |

**2. Управувачка структура на деловниот субјект во Република Северна Македонија**

| |
|---|
| |

**3. Вид на дејност/и (шифра и опис)**

| |
|---|
| |

## Б. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТХОДНО ДОДЕЛЕНА ДРЖАВНА ПОМОШ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

*(доколку има)*

**1. Облици на користена државна помош во претходната или во тековната година**

| Година | Инвестициски проект | Облици на доделена држ. помош | Број на вработени за проектот | Износ на инвестиција | Износ на доделена државна помош |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

## В. ПОДАТОЦИ ЗА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ПРОЕКТ

### 1. Опис на инвестицискиот проект/продуктивна почетна инвестиција (до 1800 карактери)

| |
|---|
| |

### 2. Опис на производен процес/нов производ (до 1800 карактери)

| |
|---|
| |

### 3. Временски план за реализација на инвестицискиот проект

| | |
|---|---|
| Датум на почеток на реализација на инвестицискиот проект (конкретен датум)* | ____.____.________ |
| Датум на завршување на инвестицискиот проект (најдоцна 5 години од датумот на почеток на инвестицискиот проект) | ____.____.________ |

**За оправдани инвестициски трошоци ќе се сметаат исклучиво трошоците кои ќе бидат реализирани (платени) по датумот на почеток на реализација на инвестицискиот проект*

### 4. Планирани оправдани инвестициски трошоци за проектот по години почнувајќи од годината на почеток на реализација на инвестицискиот проект и наредните 4 години

| | Прва година | Втора година | Трета година | Четврта година | Петта година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани инвестициски трошоци во нови машини и опрема (нови или со старост од најмногу 2 години) | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани инвестициски трошоци во згради и земјиште | | | | | | |
| Оправдани инвестициски трошоци во нематеријални средства | | | | | | |
| ВКУПНО* | | | | | | |
| Оправдани инвестициски трошоци за индустриско истражување (мерка 3)** | | | | | | |

**Вкупниот износ на планирани оправдани инвестициски трошоци наведен во оваа табела ќе се смета за минимален износ на инвестицијата и ќе претставува договорна обврска за деловниот субјект во Договорот за финансиска поддршка*

***Оправдани инвестициски трошоци за индустриско истражување внесуваат само деловните субјекти кои ја избрале мерката 3 (Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување) и овие трошоци не влегуваат во вкупниот износ на оправдани трошоци кој ќе претставува договорна обврска за деловниот субјект*

**5. Дали деловниот субјект ќе учествува со најмалку 25% во вкупните инвестициски трошоци за проектот, со сопствени средства или со средства од друг извор кои не претставуваат државна помош?**

ДА ☐ НЕ ☐

Датум

**БАРАТЕЛ**

__________

________________________

М.П

________________________

*(скр.назив на дел.субјект, одг.лице, потпис)*